**Известување за концентрација со која Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В., Холандија стекнува единствена контрола над 4 ЛИФЕ ДИРЕЦТ СП. З О.О. друштво со ограничена одговорност, Полска**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 03.01.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В., со регистрирано седиште на Де ентрее 91, 1101ВН, Амстердам, Холандија стекнува единствена контрола над 4 ЛИФЕ ДИРЕЦТ СП. З О.О. друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на Ул. Хамиелна, бр. 132/134, поштенски код 00-805, Варшава, Полска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Предложената трансакција се однесува на стекнување на 100% од основната главнина и на тој начин единствена контрола од страна на Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В. врз 4 ЛИФЕ ДИРЕЦТ СП. З.О.О., друштво со ограничена одговорност основано и постоечко во согласност со полскиот закон. ("4 ЛИФЕ").

**Генерали ЦЕЕ Холдинг Б.В.** е дел од Групацијата Генерали, мултинационална групација на осигурителни компании присутна во повеќе од 60 земји, активна во осигурителниот и финансискиот сектор ("Групација Генерали"). Групацијата Генерали моментално работи првенствено во Западна Европа и во главните земји од Централна и Источна Европа. Надвор од ЕУ, таа е активна и во Швајцарија, Бразил и Аргентина, Кина и одредени земји на Далечниот Исток. Групацијата Генерали обезбедува целосен опсег на осигурителни услуги и сродни услуги поделени во три главни деловни сегменти – осигурување на имот и несреќи, осигурување на компании и животно осигурување. Покрај тоа, Групацијата Генерали, меѓу другото, е активна и во управувањето со доброволните пензиски фондови, како и во управувањето со средства.

Групацијата Генерали има едно претпријатие-ќерка во Република Северна Македонија – друштвото Генерали Инвестментс АД Скопје кое има активности во Република Северна Македонија во секторот за управување со средства.

**4 ЛИФЕ** главно е активно како посредник во продажбата на полисите за животно осигурување, но има и мало портфолио на неживотно осигурување. Друштвото 4 Лифе не е активно ниту генерира промет во Република Северна Македонија.

Подносителот смета дека релевантниот пазар на производи може да се дефинира како пазарот на неживотно осигурување и животно осигурување во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

05.01.2024 година, Скопје